# Вивидент Хијалурон спреј **Дентал**

## го ублажува воспалението и ја поттикнува регенерацијата на непцата

**Состојки (INCI):** Aqua, Sorbitol, Alcohol, Panthenol, Sodium Hyaluronate, Aroma, Citric Acid

**Вивидент хијалурон спрејот** содржи хијалуронска киселина на високомолекуларна маса во форма на натриум-хијалуронат во концентрација од 0,2% и пантенол. Пријатниот вкус е постигнат со додавање на спеарминт арома.

**Хијалуронската киселина** е природен составен дел на сврзното ткиво, посебно непцата, кој ја забрзува регенерацијата и зараснувањето на оштетеното сврзно ткиво. Во стоматологијата нашла примена во третманот на акутни и хронични воспалителни состојби. Благодарение на антинфламаторното дејствување, помага во акутните состојби на пародонтална болест (гингивитис, пародонтитис) и пружа моментална помош, ублажувајќи ги симптомите на пародонталната болест. Ефикасна е како поддршка на механичката терапија на пародонтитис. Локално применета покажува добри резултати, бидејќи го намалува чувството на затегнување на мекото ткиво на усната шуплина кое трае и до 4 часа.
Податоците до кои се дошло во 20 клинички студии покажале дека благодарение на позитивното дејствување на регенерацијата на ткивата и зараснувањето на раните, локалната примена на хијалуронската киселина има значење не само во постоперативните состојби, туку и во третманот на гингивитис и пародонтитис со значително подобрување на квалитетот на животот на пациентот.
Пантенолот (провитамин Б5) ја намалува инфламацијата, ги регенерира и штити непцата.

**Вивидент Хијалурон спрејот:**

- ✓ **ги смирува иритираните и отечени непца**
- ✓ **го регенерира ткивото после стоматолошки интервенции**
- ✓ **го превенира воспалението на непцата**

**Вивидент Хијалурон спрејот** е наменет за децата постари од 12 години и за возрасните. Децата помлади од 12 години, бремените жени и доилките можат да го користат производот по консултација со стоматологот. Производот не содржи шеќер, туку засладувач сорбитол, па е безбеден за примена кај дијабетичарите.

**Начин на употреба:**
Спрејот се нанесува по миење на забите. Пред употреба од млазникот остранете го капачето, подигнете го и насочете го спрема регијата што сакате да ја третирате и прснете 1-2 пати, 3 до 5 пати на ден. Не се препорачува конзумирање на храна и пијалок, 30 минути по нанесување на спрејот. Вивидент Хијалурон спрејот треба да се користи во континуитет во период од 3 недели или до повлекување на сите симптоми.

**Начин на чување:**
Да се чува на температура до 30°C.

**Рок на употреба:** 3 години

**Пакување:** Шишенце од 30 м раствор со дозиран спреј.

**Производувач:** ЕСЕНСА д.о.о. Вилине воде бб, Белград, Република Србија

**Застапник, увозник и дистрибутер:** Септима дооел, ул.Христо Татарчев 13 бр. 9, Скопје, Р.Македонија, тел. 02 30 60 175